Друштво за услуги БЕСТЕЛ ДООЕЛ
Бр. 0302-32/24
28.03.2024 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-2019/10
25-03-2024 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР
## за набавка на преведувачки услуги

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **Министерството за труд и социјална политика**, со седиште на Ул. Даме Груев број 14, Скопје, претставувано од Министер Ѓоко Велковски во понатамошниот текст: Договорен орган, и
2. **Друштво за услуги БЕСТЕЛ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на ул. Владимир Каваев бр.29, Карпош, Скопје, со ЕМБС 6065805, претставувано од Управител Даниел Ефремов, во понатамошниот текст: Носител на набавката.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како поедноставена отворена постапка за услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за јавни набавки , Законот за облигациони односи ) кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-2019/1 од 16.02.2024 година, одлука за избор за најповолен понудувач со архивски број 02-2019/6 од 13.03.2024 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е **набавка на преведувачки услуги за потребите на Министерство за труд и социјална политика**.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е македонскиот јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната вредност на договорот е 1.000.000,00 денари без вклучен данок на додадена вредност. Данокот на додадена вредност изнесува 180.000,00 односно 1.180.000,00 денари со вклучен данок на додадена вредност.

Поединечните цени се дадени во продолжение на овој Договор.

| I. Опис на услугата<br>Прва група јазици – од македонски на странски јазик | Единечна мерка | Единечна цена без ДДВ | ДДВ | Единечна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=3+4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I.1. Писмен превод од стручен преведувач<br>**Прва група јазици – од македонски на странски јазик**<br>(албански, англиски, бугарски, германски, грчки, италијански, португалски, словенечки, српски, турски, француски, хрватски, шпански) | (по страна) | 715,86 | 128,85 | 844,71 |
| I.2. Писмен превод од овластен судски преведувач (со заверка)<br>**Прва група јазици – од македонски на странски јазик**<br>(албански, англиски, бугарски, германски, грчки, италијански, португалски, словенечки, српски, турски, француски, хрватски, шпански) | (по страна) | 715,86 | 128,85 | 844,71 |
| II. Опис на услугата<br>Прва група јазици од странскина македонскијазик | | | | |
| II.1. Писмен превод од стручен преведувач<br>**Прва група јазици – од странски јазик на македонски јазик**<br>(албански, англиски, бугарски, германски, грчки, италијански, португалски, словенечки, српски, турски, француски, хрватски, шпански) | (по страна) | 715,86 | 128,85 | 844,71 |
| II.2. Писмен превод од овластен судски преведувач (со заверка)<br>**Прва група јазици – од странски јазик на македонски јазик**<br>(албански, англиски, бугарски, германски, грчки, италијански, португалски, словенечки, српски, турски, | (по страна) | 715,86 | 128,85 | 844,71 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| француски, хрватски, шпански) | | | | |
| III. Опис на услугата<br>Втора група јазици – од македонски на странски јазик | | | | |
| **III.1. Писмен превод од стручен преведувач<br>Втора група јазици – од македонски на странски јазик**<br>(влашки, дански, молдавски, норвешки, полски, романски, руски, словачки, украински, унгарски, холандски, црногорски чешки, шведски) | (по страна) | 715,86 | 128,85 | 844,71 |
| **III.2. Писмен превод од овластен судски преведувач (со заверка)<br>Втора група јазици – од македонски на странски јазик**<br>(влашки, дански, молдавски, норвешки, полски, романски, руски, словачки, украински, унгарски, холандски, црногорски чешки, шведски) | (по страна) | 715,86 | 128,85 | 844,71 |
| IV. Опис на услугата<br>Втора група јазици од странски на македонски јазик | | | | |
| **IV.1. Писмен превод од стручен преведувач<br>Втора група јазици – од странски на македонски јазик**<br>(влашки, дански, молдавски, норвешки, полски, романски, руски, словачки, украински, унгарски, холандски, црногорски чешки, шведски) | (по страна) | 715,86 | 128,85 | 844,71 |
| **IV.2. Писмен превод од овластен судски преведувач (со заверка)<br>Втора група јазици – од странски на македонски јазик** | (по страна) | 715,86 | 128,85 | 844,71 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| (влашки, дански, молдавски, норвешки, полски, романски, руски, словачки, украински, унгарски, холандски, црногорски чешки, шведски) | | | | |
| V. Опис на услугата<br>Устен превод (консекутивен, симултан шушотаж) за настан на територија на РСМ во местото на живеење на толкувачот | | | | |
| V.1. Устен превод за прва група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | час(до 3 часа) | 2.386,19 | 429,51 | 2.815,70 |
| Устен превод за прва група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | ден | 6.363,17 | 1.145,37 | 7.508,54 |
| V.2. Устен превод за втора група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | час(до 3 часа) | 1.590,79 | 286,34 | 1.877,14 |
| Устен превод за втора група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | ден | 5.567,77 | 1.002,20 | 6.569,97 |
| VI. Опис на услугата<br>Устен превод (консекутивен, симултан шушотаж) за настан на територија на РСМ надвор од местото на живеење на толкувачот | | | | |
| VI.1. Устен превод за прва група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | ден | 6.363,17 | 1.145,37 | 7.508,54 |
| VI.2. Устен превод за втора група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | ден | 6.363,17 | 1.145,37 | 7.508,54 |
| VII. Опис на услугата<br>Устен превод (консекутивен, симултан шушотаж) за настан во странство | | | | |
| VII.1. Устен превод за прва група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | ден | 6.363,17 | 1.145,37 | 7.508,54 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| VII.2. Устен превод за втора група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | ден | 5.567,77 | 1.002,20 | 6.569,97 |
| VIII. Опис на услугата Устен превод (консекутивен, симултан шушотаж) од далечина овозможено преку информациска и комуникациска технологија | | | | |
| VIII.1. Устен превод за прва група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | час(до 3часа) | 2.386,19 | 429,51 | 2.815,70 |
| Устен превод за прва група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | ден | 6.363,17 | 1.145,37 | 7.508,54 |
| VIII.2. Устен превод за втора група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | Час(до 3часа) | 1.590,79 | 286,34 | 1.877,14 |
| Устен превод за втора група јазици на ЕУ (на македонски јазик и од македонски јазик) | ден | 5.567,77 | 1.002,20 | 6.569,97 |

Доколку утврдената вредност на договорот не се исполни во наведениот рок на времетраењето на Договорот, истиот ќе престане да важи по истекот на рокот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува на определено време за период до една година, односно до исполнување на износот од 1.000.000,00 денари без данок на додадена вредност, односно 1.180.000,00 денари со пресметан данок на додадена вредност. Доколку наведената вредност на договорот не се исполни во наведениот рок на времетраење на Договорот, истиот ќе престане да важи.

## VI. РОК И НАЧИНИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да ги извршува преведувачките услуги сукцесивно по добивање на писмена и електронска нарачка од страна на одговорното лице кај договорниот орган согласно роковите наведени во техничката спецификација .

Како термин за нарачка на преводот ќе се земе денот на доставување на нарачката по електронска пошта.

Преведениот материјал треба да се достави до договорниот орган во електронска форма на следните адреси: smitic@mtsp.gov.mk и djovanovska@mtsp.gov.mk. Преводите

од овластен судски преведувач се доставуваат и во хартиена форма со заверка откако квалитетот на истите ќе биде потврден од страна на директниот корисник на преведениот материјал по разгледување на материјалот доставен во електронска форма, а договорниот орган претходно го известува носителот на набавката за потребниот број на примероци со судска заверка. Како термин за испорака на материјалот ќе се земе денот на приемот на електронската форма на финалниот материјал (со направени корекции, доколку има потреба) на горенаведените електронски адреси.

Начинот на пресметување на бројот на страни за писмениот превод е: **вкупниот број на карактери без празни места да се подели со 1500.**

**Рокови за изработка на писмен превод**

| | |
|---|---|
| Превод од 1 до 9 страни (според реално преведен материјал) | 2 работни дена (од денот на испраќање на нарачката/материјалот за превод) |
| Превод од 10 до 24 страни (според реално преведен материјал) | 3 работни дена (од денот на испраќање на нарачката/материјалот за превод) |
| Превод од 25 до 39 страни (според реално преведен материјал) | 4 работни дена (од денот на испраќање на нарачката/материјалот за превод) |
| Превод од 40 до 54 страни (според реално преведен материјал) | 5 работни дена (од денот на испраќање на нарачката/материјалот за превод) |
| Превод од 55 до 80 страни (според реално преведен материјал) | 6 работни дена (од денот на испраќање на нарачката/материјалот за превод) |
| Превод од 81 до 99 страни (според реално преведен материјал) | 7 работни дена (од денот на испраќање на нарачката/материјалот за превод) |
| Превод од 100 до 200 страни[1] (според реално преведен материјал) | 10 работни дена (од денот на испраќање на нарачката/материјалот за превод) |

Договорниот орган го задржува правото во одредени ситуации да постои флексибилност кај роковите кога е тоа неопходно и по барање на крајниот корисник на барањето за преведувачки услуги. Рокот за останатите услуги е согласно потребите на договорниот орган.

За устен превод, по добивање на писмена нарачка од страна на одговорното лице кај договорниот орган, носителот на набавката предложува стручни толкувачи за ангажманот со доставување на нивно *CV* по електронска пошта, а по разгледување на понудените толкувачи договорниот орган може да го потврди ангажманот или да побара да бидат понудени други толкувачи.

Во случај на ангажирање на толкувачи за услугата под V. Устен превод

[1] Во случај на материјал за превод над 200 стр. роковите се комбинираат во согласност со параметрите дадени во табелата

(консекутивен превод, симултан превод и шушотаж) за настан на територијата на РСМ во местото на живеење на толкувачот и услугата под VIII. Устен превод (консекутивен превод, симултан превод и шушотаж) од далечина овозможено преку информациска и комуникациска технологија, ангажманот се тарифира според потребите на Договорниот орган или по саат за ангажман со времетраење до 3 часа, односно по ден за ангажман со времетраење подолго од 3 часа, при што цената за 3 часа не може да биде повисока од цената за ден.

Толкувачот којшто ќе биде ангажиран за устен превод, потребно е да донесе потпишан налог за устен превод којшто ќе го потпише и лицето за контакт по завршувањето на настанот, а потоа ќе се достави до одговорните лица за реализација на договорот. Покрај тоа, во случај на снимање и веб-стриминг на настан со толкување, неопходно е да се добие писмена согласност од толкувачот за користење на интелектуална сопственост.

Организирањето на патувањето, покривањето на трошоците за пат/транспорт, патничко осигурување и сместување на толкувачите надвор од местото на живеење на толкувачот или во странство се должност на Министерството за труд и социјална политика.

Во случај на ангажирање на толкувачи за настан надвор од местото на живеење или во странство, ангажманот се тарифира по цена за ден без оглед на фактичкото времетраење на настанот. Доколку поаѓањето и/или враќањето не се во истиот ден, за денот на поаѓањето и/или за денот на враќањето посебно се исплаќа 50% од утврдената цена по ден. Доколку се предвидени денови на адаптација и други неработни денови помеѓу состаноци надвор од местото на живеење на толкувачот или во странство, за тие денови се наплаќа целата утврдена цена по ден.

Поради немањето контрола врз голем број фактори што влијаат врз работата на толкувачот, толкување од далечина не може да се врши од дома.

## VII.ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Навременото и квалитетно извршување на договорот, носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган со важност до целосна реализација на договорот.

Висината на банкарската гаранција изнесува 5% од вкупната вредност на договорот.

Банкарската гаранција се доставува заедно со потпишаниот договорот, и е предуслов за полноважноста на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот, носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

## VIII. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 7

Начинот на плаќање е во рок од 60 дена по приемот на фактурата во Архивата на Министерството за труд и социјална политика.

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

Член 8

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- опис на извршена услуга
- пресметка по единечни цени и вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ (ако има);
- валута на плаќање.

Некомплетно доставена ф-ра од страна на носителот на набавката, договорниот орган ќе ја врати со писмено во кое ќе биде образложена причината за враќањето и рокот во кој носителот на набавката е должен да ги исправи недостатоците или грешките. Доколку носителот на набавката не достави ф-ра согласно насоките и не ги исправи недостатоците или грешките, рокот за плаќање ќе започне да тече од денот на постапувањето по укажувањето и приемот во архивата на изготвена ф-ра согласно овој член од договорот.

## X. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 9

Носителот на набвката се обврзува дека стучно, професионално и квалитетно ќе го извршува предметот на овој договорот.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе ги исполни сите услови согласно доставената понуда.

## XI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 10

Договорниот орган се обврзува дека ќе изврши исплата на цената за извршената услуга на начин утврден во член 8 од овој договор.

Член 11

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши обврската во рокот определен во овој договор, истиот е согласен на договорна казна во висина од 0,05% од вкупната вредност на договорот определена во член 3 за секој ден доцнење.

Договорниот орган пресметката на договорната казна од став 1 на овој член ќе ја пресмета и ќе ја одбие од вкупната вредност на договорот определена во член 3 од овој договор.

Лице задолжено за реализација на предметот на договорот кај Договорниот орган е Соња Митиќ или дуго лице овластено од Министер.

## XII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета и активирање на банкарска гаранција

**Член 13**

Кога носителот на набавката не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му остави дополнителен рок за исполнување на обврската .

Дополнителниот рок може да се остави само во случај кога Договорниот орган не трпи штета и во тој случај нема да се бара надомест на штета и да се активира банкарска гаранција.

**Член 14**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање.

**Член 15**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 16**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно има право да и се врати она што го дала.

Ако двете страни имаат право да бараат враќање на даденото, заемните враќања се вршат според правилата за извршувањето на двостраните договори.

Секоја страна и должи на другата надомест за користа што во меѓувреме ја имала од она што е должна да го врати, односно да го надомести.

Страната што враќа пари е должна да плати затезна камата од денот кога ја примила исплатата.

**Член 17**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако судот изрече раскинување на договорот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што барала раскинување да и надомести на другата страна справедлив

дел од штетата што ја трпи поради тоа.

**Член 18**

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

## XIII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки .

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 20**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 21**

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

МИНИСТЕР
Ѓоко Велковски

Управител
Даниел Ефремов

Изготвил:Благица Мирчевска
Согласен:Славица Костовска
Контролирал:Љубица Панова